**Барање 23-1173/1**

Информација поврзана со Локален младински совет и тоа :

1. Колку средства од вкупната сума се за Совет за млади?
2. Колку за Младински Центар?
3. Колку за Канцеларија за млади?

Овие податоци да бидат за 2023 година.

**Одговор 23-1173/2**

1. Општина Кавадарци во 2023 година отпочна постапка  за формирање Локален Совет на млади. Во наредниот период, на веб страната на Општина Кавадарци ќе биде објавен јавен повик за избор на Локален младински совет на град Кавадарци.

2. Општина Кавадарци и Здружение на млади КРЕАКТИВ Скопје (младинска организација која раководи со Младински Центар Кавадарци) имаат склучено договор за управување и раководење со Младински Центар Кавадарци од 06.07.2021 година заклучно со 06.07.2024 година. Финансиски средства предвидени за работењето на Младински Центар според договорот изнесуваат 300.000,00 денари годишно.

3. Активностите поврзани со работењето со млади за 2023 година  во Општина Кавадарци се извршуваат од страна на Младински Центар Кавадарци , како и службеникот за млади номиниран од страна на Општина Кавадарци.